Напишано од Оливер Арсовски
Петок, 01 Март 2019 15:27 -

Цело е кога има се, вели една мудра изрека, и со право. Луѓето сакаат комплетно уживање, па дури и кога се потстрижуваат, а токму тоа ги чека во новоотвореното фризерско студио „Зоки“ во Кратово. Пред влезот на студиото ќе ве дочека дебелата сенка на костенот, а внатре пријатно ќе ве изненади црно-белиот амбиент, со елегантна кожна гарнитура и фризерски стол. Сето тоа надополнето со вредните раце и прецизните машинки на Зоки, води кон заклучокот дека нема воопшто да погрешите доколку му ја подарите довербата на најдобриот кратовски фриз-мајстор, барем еднаш месечно.

